– Сектор за правни работи–

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати
Бр. 0307-4747
14.11 2022 год.
СКОПЈЕ 5

Архивски број: 03-11847/1
Датум: 14-11-2022

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки – гориво за службените моторни возила и масло за горење (Дел 1: Гориво за службените моторни возила)

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев" бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган
и
2. МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје, со седиште на ул.„Св. Кирил и Методиј" бр.4 во Скопје, претставувано од Зоран Доневски во својство на директор на дирекција за големопродажба, во понатамошниот текст: носител на набавката.

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на гориво за службените возила на Министерството за финансии, на бензиски станици на носителот на набавката со одложено безготовинско плаќање, сукцесивно за период од 12 (дванаесет) месеци, по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр.17156/2022.

II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната максимална вредност на договорот е 1.300.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност кој изнесува 234.000,00 денари.

Вкупната вредност на овој договорот изнесува 1.534.000,00 денари со пресметан данок на додадена вредност.

Договорниот орган нема обврска да го реализира целокупниот износ од став 1 на овој член.

Единечните цени на горивата ќе се определуваат според цените што се во важност на денот на испораката на конкретниот вид на гориво определени согласно со Одлуката за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија.

## III. КОЛИЧИНА, НАЧИН И МЕСТО НА ИСПОРАКА НА ГОРИВОТО

Член 3

Максималните количини по видови на горива се следниве:

| | |
|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС 95 | 30000 литри |
| ЕУРОСУПЕР БС 98 | 5000 литри |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС | 18600 литри |

Носителот на набавката е должен да испорача ориентационо 1000 литри од предвидената максимална количина на ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V), за потребите на дизел агрегатот лоциран во објектот на Министерството за финансии, на адреса на ул.Даме Груев бр.12 во Скопје, по претходно доставена писмена порачка од страна на договорниот орган.

Договорниот орган нема обврска да ја набави целата количина на ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) за потребите на дизел агрегатот.

Член 4

Носителот на набавката е должен, горивото предмет на овој договор да го испорачува сукцесивно според потребите на договорниот орган.

Испораката на горивата за возилата ќе се врши на бензинските станици на носителот на набавката.

Член 5

Носителот на набавката, пресметката за испорачаното гориво за секоја испорака ја издава на самото продажно место (бензинска станица) на корисникот на возилото на договорниот орган и истата треба да биде потпишана со полно име и презиме од страна на претставниците на двете договорни страни.

При секоја испорака, корисникот на возилото е должен да презентира на претставникот на носителот на набавката доказ дека се работи за возило кое е во

сопственост на договорниот орган и за кое има издадено картичка за безготовинско плаќање.

## IV. КВАЛИТЕТ НА НАБАВЕНОТО ГОРИВО

### Член 6

Понуденето гориво треба да ги исполнува стандардите што се наведени во Правилникот за квалитет на течни горива.

## V. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Договорниот орган плаќањето ќе го врши во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

Во прилог кон фактурата задолжително се доставува спецификација во која треба да биде наведено времето и местото на испорака, видот и количината на купеното гориво, лицето што полнело и регистарската ознака на возилото.

Фактурирањето за испорачаното гориво ќе се врши според единечните цени што се во важност на денот на испораката определени согласно со Одлуката за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија.

## VI. БЕЗГОТОВИНСКО ПЛАЌАЊЕ

### Член 8

Безготовинското плаќање ќе се одвива со користење на наменските картички за безготовинско плаќање, кои ќе ги користат корисниците определени од договорниот орган, а со кои ќе бидат утврдени маскималните месечни лимити за секое возило поединечно.

Месечните лимити ги определува договорниот орган и можат да претрпат промена за времетраењето на договорот.

### Член 9

По склучување на договорот, договорниот орган до носителот на набавката ќе достави барање за одобрување на безготовинско плаќање или издавање на безготовински наменски картички во кое ќе бидат наведени:

- марка на возило;
- регистарска ознака;
- месечен лимит на потрошувачка искажан во денари за секое возило посебно и
- список на лица кои смеат да ја користат картичката, без оглед на кого е издадена.

Член 10

При користење на безготовинските картички, лицата кои се определени од страна на договорниот орган се обврзуваат да ги почитуваат следниве правила:

- безготовинското плаќање да се користи само за купување на гориво, односно не е дозволено земање на готови пари на основа на истото или купување на други производи на бензинските станици;
- веднаш до Секторот за правни работи да пријави губење или кражба на безготовинската картичка;
- секоја пресметка за купено гориво да ја проверат на самото продажно место и истата да ја потпишат со полно име и презиме или доколку има рекламации веднаш да пријават во Секторот за правни работи.

Член 11

При користење на безготовинското плаќање со безготовинска картичка носителот на набавката на корисникот на возилото ќе му се издава пресметка во два примероци од кој една за носителот на возилото (договорен орган) и една за носителот на набавката.

Проверката на сметката корисникот на возилото ја врши на самото продажно место и веднаш ги изјавува евентуалните забелешки, а по потпишувањето на сметката дополнителните рекламации не се признаваат.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 12

Носителот на набавката се обврзува во случај на злоупотреба на безготовинската картичка за безготовинско плаќање да ја одземе картичката и за истото веднаш да го извести договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува веднаш да го извести договорниот орган доколку корисникот на возилото бара врз основа на безготовинското плаќање да се исплати готовински износ или плаќање на други производи.

Член 13

Носителот на набавката се обврзува дека на договорниот орган ќе му обезбеди безготовинско плаќање за секое ново стекнато возило, по барање на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува при губење или кражба на безготовинската картичка на договорниот орган да му обезбеди друга картичка без надоместок.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 14

Договорниот орган се обврзува дека по склучување на договорот ќе достави барање за издавање на безготовински картички за службените моторни возила како и Список на лица (вработени) кои ќе бидат определени за користење на безготовинско плаќање.

Договорниот орган се обврзува да ја плати уредно доставената фактура според рокот утврден во член 7 од овој договор.

Договорниот орган се обврзува дека при отуѓување на службено возило ќе го извести носителот на набавката за да ја поништи картичката за тоа возило.

Договорниот орган се обврзува дека ќе го извести носителот на набавката за секое ново стекнато возило.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 15

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на договорните страни.

### Член 16

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 17

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 18

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 19

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле

такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

## X. ВИША СИЛА

Член 20

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 21

Времетраењето на договорот е 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишување од двете договорни страни.

Во случај на искористување на максималната количина на горивото или вредносно исполнување на договорот од член 2 став 1 на овој договор, пред истекот на периодот од 12 (дванаесет) месеци, Договорот престанува да важи.

## XII. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 22

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот, согласно со Законот за јавните набавки.

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски прописи.

### Член 23

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

### Член 24

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

### Член 25

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

Договорен орган:
Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Скопје

Dr. Fatmir Besimi
Министер за финансии

Носител на набавката
МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје

Зоран Доневски
Директор на дирекција за големопродажба

Изработил: Илија Накевски
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст